**2021048730**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 77 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20) и член 21 став 2 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 80/19 и 142/20), по членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

„Член 17-а

Дневниците од членовите 16 и 17 од овој правилник, од страна на наставниците се водат во електронска форма.

Од страна на раководителот на паралелката, дневниците од став 1 на овој член, се отпечатуваат на хартија на крајот на секој месец во текот на наставната година."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од учебната 2021/2022 година.

Бр. 18-3564/1
25 февруари 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.